Архивски број: 08-428/9
24-10-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-428/1 од 07.07.2023 година поднесена од [redacted] со седиште на [redacted] во Скопје, против Даим Лучи од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, носител на функција - заменик министер за култура во Министерство за култура, за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавното информирање и медиумите – преку социјалната мрежа Фејсбук, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** кон припадниците на ЛГБТИ заедницата, сторено од страна на Даим Лучи од Скопје, носител на функција – Заменик министер за култура во Министерството за култура, врз основа на припадноста на маргинализирана група, родов интентитет и сексуална ориентација во областа на јавното информирање и медиумите – преку социјална мрежа Фејсбук.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-428/1 од 07.07.2023 година од [redacted] број [redacted] во Скопје, против [redacted] од Скопје, носител на функција – заменик министер за култура во Министерство за култура за сторена дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавното информирање и медиумите – преку социјална мрежа Фејсбук, кон припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Според наводите изнесени во претставката и доуредувањето на истата, [redacted] Скопје на 12.06.2023 година добило сознание од припадник на ЛГБТИ заедницата дека лицето Даим Лучи од Скопје насвојот фејсбук профил објавил дискриминаторска содржина. По добивањето на информацијата, членови на здружението увиделе дека горeименуваниот на 11.06.2023 година во 11.26 часот објавил фотографија и над фотографијата е увиден текст на албански јазик со следната содржина: Vetëm pranimi i drejtë i parimeve të Zotit është shpëtim nga kjo mortajë dylberash"[1]. Според подносителот на претставката текстот и објавата се крајно дискриминаторски за ЛГБТИ заедницата, бидејќи зборот dylber на македонски јазик значи хомосексуалец, а во контекст на објавата хомосек суалците се споредени со болест – чума. Во претставката се наведува дека заменикот министерот како јавна личност и носител на функција со ваквата објава сторил дискриминација кон цела заедница со тоа што ја нарекува со погрдни зборови и ја споредува со чума. Воедно според подносителот оваа објава ја виделе голем број лица припадници на ЛГБТИ заедницата и истата кај нив предзвикала вознемирување.

Откако Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 14.08.2023 година испрати Барање бр. 08–428/6 за произнесување по наводи во претставка. Истото беше испратено на адреса на работното место на потенцијалниот дискриминатор, односно на адреса на Министерство за култура. На 04.09.2023 година до Комисијата е пристигнато Известување од Министерство за култура во кое е наведено дека министерството го враќа предметот до Комисијата од причина што не е надлежно да постапува, бидејќи предметот се однесува на физичко лице, наведено во претставката, односно лицето Даим Лучи од Скопје и во Известувањето ја наведува домашната адреса на потенцијалниот дискриминатор. По ова Комисијата на 15.09.2023 година се обрати со Барање број 08-428/8 до Даим Лучи од Скопје, заради произнесување по наводи во претставка за заштита од дискриминација.

До денот на изготвувањето на ова мислење, произнесување по наводите во поднесената претставка не е доставено до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на потенцијалниот дискриминатор – Даим Лучи од Скопје, носител на функција – заменик министер за култура во Министерство за култура.

[1] Содржината преведена ма македонски јазик е следна: "Само правилното прифаќање на Божјите начела е спас од оваа чума од двојки".

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во националното законодавство, во највисокиот правен акт на државата Уставот на Република Северна Македонија, во член 9 став (1) е уредено дека: *„Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.”*

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.”* Согласно член 8 став (1) од истиот Закон: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.’,* а во член 10 став (1) од овој закон е уредено дека *“Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.”*

Врз основа на горенаведеното, а во контекст на утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди вознемирување сторено кон припадниците на ЛГБТИ заедницата, по основ на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориенатција во областа на јавното информирање и медумите – на социјалната мрежа Фејсбук, од страна на Даим Лучи од Скопје, носител на функцијата заменик – министер за култура во Министерството за култура.
Имено, објавата на именуваниот се однесува на група лица, маргинализирана категорија на граѓани која е споредена со болеста чума, што резултира со вознемирување на истата. Дотолку повеќе што оваа содржина е објавена од страна на лице, носител на јавна функција до чиј профил на социјалната мрежа Фејсбук и содржините објавени на истиот, имаат пристап поголем број на граѓани.

Од овие причини, согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните

ПРЕПОРАКИ

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето Даим Лучи од Скопје, носител на функцијата – заменик министер за култура во Министерство за култура, од својот профил на социјалната мрежа Фејсбук да ја избрише спорната содржина и за истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето Даим Лучи од Скопје, носител на функцијата заменик министер за култура во Министерство за култура во иднина да се воздржи од вакви или слични објави на социјалната мрежа Фејсбук, а со кои би се предизвикало вознемирување врз припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Скопје,
24.10.2023 година

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

**Претседател на Комисијата**
**Исмаил Камбери**

Доставено до:
- [redacted]
- Даим Лучи, ,[redacted]
- Архива на КСЗД